Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 01-67/3
26.01.2022 год.-viti
Скопје-Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2021 ГОДИНА

*Скопје, јануари 2022 година*

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ....4
2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ ....5
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ ....7
4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА ....8
5. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2021 ГОДИНА ....9
5.1. ДРЖАВНА МАТУРА ....9
5.2. ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ....13
5.3. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ....16
5.4. ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ....18
5.5. МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС) ....19
5.6. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ....22
5.7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ....23
5.8. ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ ....25
6. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ И ДРУГИ НАСТАНИ ....26
7. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ ....27
8. СОРАБОТКА ....27

Прилог: Финансиски Извештај за на Државниот испитен центар за 2021 година

# 1. ВОВЕД

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст Центарот) е формиран согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр.142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18). Центарот започна со работа како јавна установа со својство на правно лице на 20.11.2009 година. Надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за Државниот испитен центар врши Министерството за образование и наука.

Во извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2021 година се содржани информациите за реализираните работи и работни задачи во текот на годината. Во збирниот приказ се дадени спроведените активности од Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2021 година, како и вонпрограмските активности и задачи доделени од страна на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука. Овој документ е подготвен со цел да се согледа реалната слика на постигањата од реализираните задачи од Програмата за работа на Државниот испитен центар и истиот се изготвува врз основа на поединечните извештаи на вработените во одделенијата на секторите.

Извештајот се однесува на периодот јануари-декември 2021 година и се темели на приказот на реализирани активности во:

- Секторот за испити, ИТ и истражувања:
  1. Одделение за оценувања и испити;
  2. Одделение за ИТ и компјутерска обработка на податоци и
  3. Одделение за истражување, организација и развој.
- Секторот за обуки и издавачка дејност:
  1. Одделение за обуки и
  2. Одделение за издавачка дејност.
- Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи
- Одделението за финансиски прашања.

Во секторите и одделенијата се реализирани задачи за: спроведување на екстерните испити на државната матура, спроведување на меѓународни тестирања, спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници, државното тестирање, обуките на кандидати за директори, како и полагањето на испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

За остварување на работите од својот делокруг, Центарот согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и подзаконските акти кои произлегуваат од истите:

- доставува до Државниот матурски одбор предлог Концепција за матура и завршен испит во средното образование, предлог прагови за преодна и одлична оценка за екстерните испити на матурата, како и други документи кои се во негова надлежност;
- изготвува тестови и други испитни материјали за општообразовните предмети од матурата, кои се реализираат екстерно;
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднувања на постигањата на учениците на екстерните испити во државната матура;
- дава стручна поддршка на наставниците од областа на сумативното оценување на учениците, подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит;
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити на матурата;
- обезбедува тајност при подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- го организира, реализира и контролира процесот на оценување на тестовите од екстерните испити на матурата, како и процесот на решавање приговори;
- објавува резултати од екстерните испити на матурата;
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државен матурски одбор;
- подготвува и спроведува меѓународни тестирања согласно меѓународно пропишаните процедури за истите и соработува со меѓународни институции од областа на оценувањето;
- подготвува и реализира државни тестирања во основното и средното образование;
- изготвува и ревидира испитни програми, тестови и други испитни материјали за предмети за државните тестирања;
- доставува до министерот предлог Концепција за државните тестирања, со периоди, циклуси и области на тестирање;
- организира и спроведува стручен испит за наставници и стручни соработници од училиштата;
- издава уверенија за положен стручен испит;
- организира и спроведува основна обука на кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- го спроведува испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- учествува во изготвување на предлог годишна програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници;

- ги објавува развојните и годишните програми за работа на училиштата, извештаите од спроведените самоевалуации, интегрални евалуации, извештаи од постигањата на учениците од училиштето на државни и меѓународни мерења, електронски на посебен веб портал;
- врши избор, распределба, обука и/или координација на соработници;
- изготвува и издава стручни материјали и стручна литература од делокругот на своето работење;
- учествува во изготвување на законски и подзаконски акти од делокругот на своето работење;
- врши и други работи утврдени со закон и со статутот на Државниот испитен центар.

При извршувањето на своите работи Центарот соработува со научни установи, воспитно-образовни институции и други сродни установи и институции во државата и во светот.

Центарот навремено ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Со Центарот управува Управен одбор кој има претседател и шест членови. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Со работата на Центарот раководи директор, кој е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за образование и наука.

Директорот на Државниот испитен центар има заменик, кој исто така е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија.

Центарот има Стручен колегиум кој го сочинуваат директорот на Центарот, заменик директорот на Центарот и раководителите на секторите, а по потреба и раководителите на одделенијата и други вработени што ќе ги определи директорот на Центарот.

Организацијата на Центарот е уредена врз основа на Законот за Државниот испитен центар, Статутот на Центарот и Правилникот за работа и внатрешна организација на Државниот испитен центар.

Организациската структура на Центарот е следната:



## 4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во Центарот се вработени 30 лица, кои се вклучени во организирање и реализирање на планираните програмски задачи.

Образовната структура на вработените во Центарот е следната:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| Доктори на науки | 2 |
| Магистри | 6 |
| Високо образование | 15 |
| Више образование | 0 |
| Средно образование | 8 |
| Основно образование | 0 |
| Вкупно | 30 |

Сите вработени, освен директорот и заменик директорот кои се именуваат од Владата на Република Северна Македонија, се вработени на неопределено работно време.

| Структура на вработените по звање | Број на вработени |
|---|---|
| Раководител на сектор | 1 |
| Раководител на одделение | 4 |
| Советник | 11 |
| Виш соработник | 1 |
| Соработник | 0 |
| Помлад соработник | 2 |
| Самостоен референт | 5 |
| Виш референт | 3 |
| Референт | 0 |
| Помлад референт | 0 |
| Помошно технички лица за обезбедување на објекти и опрема | 3 |
| Вкупно | 30 |

Заради сложената природа на работата во Центарот одделни задачи се преклопуваат во повеќе организациони единици (сектори и одделенија), а тоа налага да се практицира тимска работа, односно постојана меѓусебна соработка на вработените.

# 5. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2021 ГОДИНА

Државниот испитен центар во 2021 година својата темелна активност ја насочи околу реализација на следните глобални задачи:

- Подготовка и спроведување на државната матура;
- Подготовка и реализација на основна обука за испит на кандидати за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Организација и спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници;
- Подготовка и спроведување на преттестирањето за државното тестирање во трето одделение во основното образование;
- Подготовка и спроведување на главно тестирање од меѓународната студија ПИРЛС;
- Подготовка и спроведување на пробно тестирање од меѓународната студија ПИСА;
- Подготовка на меѓународна студија ТИМСС;
- Учество во подготвување на измени и дополнувања на законски и подзаконски акти.

Програмските активности на Центарот како јавна установа се спроведуваат согласно со приоритетните политики на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар својата работа ја организира и врши по организациони единици - сектори и одделенија. Во продолжение, подетално ќе бидат прикажани активностите на Центарот за 2021 година.

## 5.1. ДРЖАВНА МАТУРА

Пријавувањето и подготовките за државната матура и во 2021 година започнаа во согласност со Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование и Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование. Државниот испитен центар го заврши пријавувањето и верификацијата на податоците на 15294 кандидати. За сите кандидати беа креирани и испечатени 4000 Протоколи, односно распореди на кандидатите за полагање по испитни простории. Согласно Планот со временската рамка за реализација на државната матура беа креирани и испечатени и исто толку Листи со бар кодови за ученици. Исто така беа изготвени тестови за 16 екстерни предмети.

Првичната подготовка на испитниот материјал се однесуваше на 18 екстерни испити. Но по реакцијата на Сојузот на средношколците и по реализираните преговори меѓу нив и Владата на РСМ, МОН донесе нова *Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование*. Според новиот документ структурата на државната матура се состоеше од полагање на 2 екстерни и 2 интерни испити и проектна задача за која во текот на 2021 година, а за испитите опфатени со неа се донесоа нови скратени испитни програми.

По донесувањето на новата Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование ДИЦ организираше ново пријавување за кандидатите матуранти. Новото пријавување значеше и промена на потребните документи поврзани со овој процес.

За спроведувањето на државна матура по новата Концепција беа изготвени нови испитни материјали за 10 екстерни испити според скратените испитни програми за трите испитни рокови (јунски, дополнителен јунски рок и августовски) на македонски, албански и на турски наставен јазик. Изготвувањето на испитниот материјал е многу сложена постапка составена од повеќе фази и тоа: изработка на испитни задачи, подготовка на тест, техничкото уредување на тестовите, превод на материјалот (на албански јазик и на турски јазик), лектура, процес на независно читање на тестовниот материјал и формирање на конечни тестови. Потоа следуваат фазите: печатење и пакување на испитниот материјал, безбедно чување, дистрибуција на денот на испитот. Сите фази од подготовката на испитниот материјал се базираат на податоци од ИТ системот за поддршка на државната матура (пријавување на кандидати, верификација на податоците, изготвување на распореди на кандидати по испитни простории, регистриање и распоред на тестатори и набљудувачи, евиденција на испитен материјал, кодирање и сл). Во периодот до март 2021 година беа испечатен околу 14000 испитни комплета (тестови, листи за ученик и листи за оценувач) за јунски испитен рок по предметите англиски јазик и македонски јазик и литература изготвени според старата Конепција и според старите испитни програми. Поради промена на испитните програми се изготвија нови тестови според скратените испитни програми. За јунски испитен рок според новото пријавување за државна матура и за августовски испитен рок беа испечатени вкупно 40000 испитни комплети (тестови, Листа за ученик и Листи за оценувач).

Испитите се реализираа согласно утврдениот календар за: јунски, дополнителен јунски рок и августовски испитен рок.

За матурантите болни од ковид се организираше дополнителен јунски испитен рок. Оваа можност ја искористи само еден кандидат по предметот англиски јазик.

Во периодот од 10.06-27.06.2021 се реализираше процесот на оценување во три основни училишта во Скопје и во овој процес вкупно учествуваа 165 оценувачи. Оценувачите распределени во различни улоги оценија вкупно 30660 тест книшки по сите предмети во јунски, дополнителен јунски и августовски испитен рок.

Процесот на приговори се спроведе од 7.07.-12.07.2021 година. Формираните комисии во текот на предвидениот период за решавање разрешија вкупно 359 приговори

Во периодот од септември 2021 година отпочна и процесот на подготовките за државната матура во учебната 2021/2022 година. До крај на оваа календарска година се изготвени 3 тестови.

**Резултати:**

- реализирана државна матура во сите средни училишта во јунски, дополнителен јунски испитен рок и августовски испитен рок;
- изготвен и пуштен во употреба нов модул за внес на приговори, разрешување иобјавување на резултати;
- пуштен во употреба нов модул за внес и администрирање на тестатори;
- проширена е Листата на стручни наставни предмети во изборниот дел од државната матура и завршниот испит во стручното образование со нови две испитни програми за Пилот квалификациите во реформираното техничко образование;
- анализирани податоците од државната матура во учебната 2020/2021 година;
- изготвен и објавен Извештај од државната матура во учебната 2020/2021 година.

**Државна матура во учебна 2020/2021 година:**

**За првично пријавување**

- подготвена апликацијата за државна матура за јунскиот испитен рок и апликација за државна матура за августовски испитен рок;
- реализирана обука по електронски пат со секретари на училишни матурски комисии за спроведување на државната матура;
- направена верификација на конечни списоци на пријавени 15294 кандидати со три екстерни предмети за јунски испитен рок;
- креирани, проверени и испечатени 4000 протоколи и 4000 Листи со бар кодови за ученици за јунски испитен рок;
- подготвени 35 тестови за 16 екстерни испити;
- технички уредени по три испитни комплети за 10 екстерни испити (за јунски испитен рок, августовски испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно 140 теста;
- преведени по три испитни комплети за 9 предмети на албански и на турски јазик или вкупно 51 тест;
- лекторирани 30 тестови;
- реализирано независно читање на 48 тестови;
- испечатени 14000 тестови и 14000 листи за одговор од ученик и оценувач за јунскиот испитен рок;
- подготвен и доставен распоред на кандидати по испитни простории, по предмет и училиште за јунски (креирани и испечатени 4000 Протоколи);
- шифрирани испитени материјали за два предмети;
- креирани 25 шаблони за реализација на екстерните испити.

**За ново пријавување за јунски испитен рок и августовски испитен рок**

- подготвена апликацијата за државна матура за јунски испитен рок и апликација за државна матура за августовски испитен рок;
- реализирана обука по електронски пат со секретари на училишни матурски комисии за спроведување на државната матура;
- реализирана средба по електронски пат со претседателите на училишни матурски комисии за спроведување на државната матура;
- верифицирани конечни списоци на пријавени 15294 кандидати за јунски испитен рок и 1089 кандидат за августовски испитен рок;
- креирани, проверени и испечатени 2374 протоколи и 5000 листи со бар кодови за ученици и за оценувачи за предвидените испитни рокови;
- подготвени нови и ревидирани веќе изготвени 30 тестови за 10 екстерни испити (за јунски испитен рок, августовски испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно 42 теста;
- технички уредени по три испитни комплети за 10 екстерни испити (за јунски испитен рок, августовски испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно 42 теста;
- испечатени околу 40000 тестови и 40000 листи за одговор од ученик и 40000 листи за оценувач;

- шифрирани испитни материјали за 2374 испитни простории;
- внесени податоци, избрани и распределени 2000 тестатори и околу 250 набљудувачи по училишта;
- изготвен план на локации за реализација на екстерни испити од државна матура и План за дистрибуција на испитен материјал за јунски и за августовски испитен рок;
- подготвен и доставен распоред на кандидати по испитни простории, по предмет и училиште за јунски и за августовски испитен рок;
- извршена дистрибуција и прием на целокупниот испитен материјал за деновите на спроведувањето на испитите;
- извршен прием на испитните материјали по тестирањето, распределени се материјалите за процесот на оценување, приговори и обработка на резултатите;
- евидентирани и дистрибуирани околу 400 кутии со  испитен материјал за оценување и прием на истите по процесот на оценување;
- креирани 26 шаблони за реализација на екстерните;
- оценети 30660 тест книшки;
- скенирани околу 40000 листи од ученик и 40000 листи од оценувач и извршена верификација и корекција;
- реализиран процесот на запишување оценки и перцентили;
- подготовка на база за електронска достапност на резултатите од државната матура во јунски и августовски испитен рок;
- евидентирани, процесуирани и разрешени 359 приговори од кандидати за двата испитни рока.

**Државна матура за учебната 2021/2022 година**

- подготвена апликацијата  за државна матура за јуниски испитен рок;
- реализирана онлај обука за секретари на училишни матурски комисии;
- подготвени 3 тестови за екстерните испити за државната матура;
- подготвени задачи за сите екстерни испити за државната матура.

**Пилот испити во средно стручно образование**

Во периодот февруари – мај 2021 година Државниот испитен центар според испитните програми подготвени од Центарот за средно стручно образование и обука изготви испитен материјал за државна матура за  пилот квалификации во четиригодишното средно стручно образование и тоа за образовниот профил/ квалификација градежен техничар од струка/ сектор градежно-геодетска/ градежништво и геодезија; за образовниот профил/ квалификација електротехничар за компјутерска техника и автоматика од струка/ сектор електротехничка/ електротехника и за образовниот профил/ квалификација хотелско туристички техничар од струка/ сектор угостителско-туристичка/ угостителство и туризам. Целта на реализацијата на пилот испитите беше матурантите да се запознаат со тестови според новите испитни програми, наставниците по овие предмети да добијат примери на изготвени тестови според новите испитни програми и да се согледа како практично ќе функционираат новите испитни програми.

Државниот испитен центар, според процедурите за изработка на испитен материјал, по фомирањето на Државни предметни матурски комисии за трите образовни профили/ квалификации пристапи кон изработка на: тест книшки и упатства за оценување за пилот испитите.

Овие активности беа координирани од советници од ДИЦ кои реализираа повеќе онлајн средби во функција на обука на членовите на комисиите за изработка на потребните материјали.

Во пилот тестирањето беа опфатени сите ученици од сите средни училишта (шест) во кои за првпат се изведуваа наведените струки. Вкупниот број на тестирани ученици од сите струки беше 155 ученика.

По спроведеното пилот тестирањето на 18.05.2021 г. и на 20.05.2021 г. се пристапи кон процесот на оценување на тест книшките, а потоа и изготвување на извештај од страна на координаторите од ДИЦ.

**Резултати:**

- реализирани 6 пилот испити за државна матура за пилот квалификации во четиригодишното средно стручно образование;
- изготвен Извештај од пилот испитите за државна матура за пилот квалификации во четиригодишното средно стручно образование.

**Нова Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит**

Во првата половина од 2021 година Државниот испитен центар беше носител на работата на Комисијата за изработка на нова Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит. Во Комисијата учествува претставници од МОН, ЦССОО, БРО, професори од универзитети, директори и наставници од средни училишта, ученици и претставници од ДИЦ. Стручна помош во работата на Комисијата, со финансиска поддршка од Светска банка, даде меѓународен експерт за оценување и испити.

**Резултати:**

- Подготвена нова Предлог Концепт за за државна матура, училишна матура и завршен испит и доставена до МОН.

## 5.2. ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во Државен испитен центар се организираат и координираат активности за спроведување на основна обука и испит на кандидати за директори на основни училишта, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење како и организација и реализација на испитот за директори. Главната цел на обуката за директори во Државниот испитен центар е професионално оспособување на директорите за имплементација на усвоените промени во образованието односно за успешно раководење со ново и современо училиште. Основната обука за кандидат за директор се спроведува со цел кандидатот да се стекне со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето.

Во текот на 2021 година беа спроведени вкупно 5 обуки, 4 обуки на македонски јазик и 1 обука на албански јазик. Секоја обука се состоеше од ислушани 6 модули. За успешно поминатa обука

секој кандидат се смета задолжително присуство на обуките за сите 6 модули со успешно одбранета семинарска работа одделно за секој модул.

Во зависност од предвидените протоколи за заштита и превенција од КОВИД-19, обуките се спроведуваа „on line", во просториите на Државен испитен центар и во ОУ „Киро Глигоров" во Скопје.

Со право на полагање на испит се стекнаа вкупно 64 кандидати, 55 кандидати на македонски јазик и 9 кандидати на албански јазик.

Во 2021 година беа спроведени 4 испитни сесии во месеците: мај, јули, септември и декември. Испитот успешно го положиле 66[1] кандидати и се стекнале со Уверение за положен испит за директор.

Со цел подобрување на основната обука на кандидати на директори беше направена измена и дополнување на Програмата за основна обука и предложена до Министерот за образование и наука.

За сите кандидати што се стекнале со Уверение за положен испит за директор и за актуелните директори во Државен испитен центар континуирано се водеше Online Базата (Регистар) кој се наоѓа на веб страницата на Државен испитен центар.

Направена е промена во регистарот за сите училишта за кои беа доставени податоци од општините и Министерство за образование како основачи на училиштата во врска со податоците за актуелните директори на училишта.

Директорите кои ќе се здобијат со уверение за положен испит за директори имаат обврска континуирано да се надградуваат и професионално да се усовршуваат. Главна цел на програмата е надградување на усвоените професионални компетенции на директорите во основните и средните училишта, ученичките домови и граѓанските универзитети за доживотно учење за континуирано и професионално усовршување, како и ефективно користење на истите во секојдневната работа за успешно раководење со училиштето/училишниот дом/граѓанскиот универзитет.

За подобра подготовка за успешна организација и реализација на напредната обука за директори, директорот на ДИЦ формираше работна група за изработка на стратешки документи за имплементација на истата. Документите беа доставени во месец мај 2021 до Министерот за образование и наука на одобрување и на понатамошно постапување. Во насока на започнување на активности за реализација на напредните обуки за директори на училишта, а согласно член 22 став 4 од Законот за обука на директори Програмата за напредна обука на директори ја пропишува министерот за образование и наука, на предлог на Државен испитен центар.

Од горенаведеното подготовката за реализацијата на напредните обуки за директори на училишта ќе започне кога предложената Програма за напредна обука на директори ќе биде потпишана од министерот.

**Резултати:**

- Одржани се вкупно 5 (пет) обуки на македонски и на албански јазик за кандидати за директори на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење. Обуките ги реализираа 11 (единаесет) обучувачи кои се

[1] Бројот на кандидати што го положиле испитот е поголем од бројот на кандидати што завршиле обука, затоа што некои од кандидатите што се појавиле на испит обуката ја завршиле во претходните години.

избрани на јавен оглас. Секоја обука се состои од шест едукативни модули и нив ги следеа вкупно 64 кандидати распоредени во 3 групи.

- Изготвени се и обезбедени соодветни работни материјали за обука на македонски јазик и албански јазик на 64 кандидати за директори;
- Спроведени се 4 испитни сесии во кои испитот го положиле 66 кандидати и се стекнале со Уверение за положен испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.
- Изготвени се и издадени Уверенија за положен испит за директор на 66 кандидати што успешно ги положиле сите три дела од испитот за директори;
- Извршена е ревизија и ажурирање на 30% од задачите (околу 110 задачи) за испитот за директори и темите за завршниот семинарски труд од страна на обучувачите;
- Извршена е верификација на задачите и темите за испит од страна на Испитната комисија;
- Одговарано е на дописи од физички и правни лица во врска со обуката и испит на директори;
- Водена е континуирана евиденција и документација за кандидатите кои ја следат обуката и го положиле испитот (во интерна електронска база на податоци и во вид на досиеја во тврда копија);
- Направена е дигитализација на прирачниците за обука на директори. Дигитализацијата се изврши на сите 6 (шест) прирачници од 6-те модули, по следните етапи: графичко дизајнирање на насловната страна, корекција и прилагодување на базичен "word" документ за интерактивен "pdf" документ, поставување "word" документ во еден класичен "pdf" документ како целина и креирање посебен интерактивен "pdf" документ со сите модули како целина и меѓусебна интеракција.
- Изготвена е нова програма за основна обука и испит за кандидати за директор во која беа вметнати новите трендови во образовниот менаџмент како и насоките од Владата за инклузивно образование во образовниот процес и доставена до Министерот за образование и наука за понатамошно постапување. Истата ќе биде имплементирана кога ќе биде донесена од Министерот за образование и наука;
- Формирана е работна група која ги направи подготовките за успешна реализација на напредните обуки за актуелните директори на основни и средни училиште, ученички домови и отворени граѓански универзитетиза доживотно учење;
- Изготвен е анкетен прашалник за актуелните директори, направена е анализа на одговорите и изготвен е Извештај од спроведеното истражување кој е доставен до Министерот за образование и наука.;
- Изготвени се Процедури за реализација на напредните обуки;
- Изготвена е драфт верзија на Критериуми за избор на обучувачи (провајдери) за напредни обуки;
- Изготвена е Предлог програма за напредна обука на директори и доставена до Министерот за образование на понатамошно постапување. Владата за инклузивно образование во образовниот процес и доставена до Министерот за образование и наука за понатамошно

постапување. Истата ќе биде имплементирана кога ќе биде донесена од Министерот за образование и наука;

- Изготвен е Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015, 30/2016, 120/2018 и 140/2018) и доставен до Министерот за образование на понатамошно постапување.

## 5.3. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20) и Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) на една од надлежностите на Државен испитен центар е и спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници. Целта на стручниот испит е да се провери дали кандидатот во текот на приправничкиот стаж се оспособил за самостојно вршење на воспитно-образовна и стручна работа и дали ги совладал компетенциите кои се потребни за еден наставник/стручен соработник.

Во Државниот испитен центар во 2021 година стручниот испит се реализираше во две испитни сесии- пролетна и есенска. Поради состојбата со COVID 19 и почитување на протоколите донесени од Владата на РСМ, пролетната и испитната сесија за стручниот испит за наставници и стручни соработници се реализираше on-line преку MICROSOFT TEAMS апликација.

За оваа испитна сесија се пријавија 548 кандидати и за оние што ги исполнија условите се организираше испит во април и мај 2021 година, изготвени се уверенија за положен стручен испит и доставени до училишата.

Во пролетната испитна сесија реализацијата на стручниот испит беше комплетно on-line, согласно протоколите бидејќи и наставата се одвиваше on-line. Исклучок беа училиштата со посебни образовни потреби и стручен испит за наставници кои предаваат практична настава каде испитот беше спроведен со физичко присуство во училиштата.

Во есенската испитна сесија при реализацијата на стручниот испит исто така беше ставен голем акцент на безбедноста и здравјето на сите инволвирани страни при што се испочитуваа сите Протоколи за безбедност во училиштата кои беа предложени од Комисијата за заразни болести при Министерство за здравство и донесен од Влада на Северна Република Македонија. Кандидатите за полагање стручен испит заедно со учениците најчестобеа со физичко присуство во училница додека комисијатата беше on-line преку MICROSOFT TEAMS апликација.

Во есенската испитна сесија за првпат имавме и кандидати кои испитот го полагаа согласно новите правилници Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот; Правилник за формата, содржината и елементите на Програмата за поддршка на приправникот и Извештајот за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на стручниот испит и Правилник за начинот на спроведувањето на стручниот испит и Програма за полагање на стручниот испит на приправникот, но имаше и кандидати кои стручниот испит го реализираа на старито начин.

За есенската испитна сесија се пријавија 497 кандидати и за кандидатите што испилнуваа услови се организираше испит, изготвени се уверенија за положен стручен испит и доставени до училишата.

Поради измените во начинот за полагање на стручен испит во ДИЦ беа изготвени и нови процедури за полагање за стручен испит како и изменети и дополнети сите документи и формулари потребни за успешна реализација на стручниот испит.

ДИЦ организираше обуки за сите директори на основни и средни училишта во Република Северна Македонија каде им беа дадени конкретни насоки и упатства за новиот начин на реализација на приправничкиот стаж и полагањето на стручниот испит.

Стручниот испит за двете испитни сесии се реализираше од страна на Комисии за спроведување на стручен испит формирани од директорот на Државен испитен центар во состав: наставник од училиште по соодветен предмет, преставник од БРО/ЦСОО и претставник од ДИЦ.

**Резултати:**

- Изготвено е известување (јавен повик) полагање на стручен испит за наставници и стручни соработници пролетна и есенска испитна сесија;
- Изготвени се урнеци на записници, извештаи, формулари и други документи кои се потребни за успешна имплементација и реализација на стручниот испит;
- Изготвени се детални процедури за полагање на стручен испит;
- Организирана е обука за сите актуелни директори на основни и средни училишта преку ZOOM, и на директорите им е детално објаснето за новиот начин на реализација на стручниот испит при што им се посочени најчестите грешки и проблеми што произлегуваат при реализацијата на приправничкиот стаж и полагањето на стручниот испит за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.
- Изготвени се и доставени дописи и известувања до сите директори на основни и средни училишта како и до сите општини во државата со кои беа информирани за реализацијата на стручниот испит;
- Примени се документи од 1045 кандидати за стручен испит за двете испитни сесии и за секој кандидат е направено посебно досие;
- Направена е и ажурирана електронска база на податоци за сите кандидати што се пријавиле за стручен испит за пролетна и есенска испитна сесија;
- Ажурирани се решенија за Комисии за стручен испит за основни и средни училишта;
- Изготвени се, архивирани и испратени дописи со детални образложенија за кандидати за стручен испит кои не ги исполнуваат условите за полагање;
- Контактирани се сите кандидати што се пријавиле за полагање на стручен испит;
- Организирани се и спроведени испити за сите кандидати што исполнувале услови за полагање;
- Изготвени се, архивирани и издадени уверенија за положен стручен испит на кандидати кандидати кои успешно го положиле испитот;
- Изготвени се записници од испит за секој кандидат што го полагал испитот и истите се архивирани и внесени во електронската база;

- Изготвени се извештаи од испити по предмети и извештаи за исплата на членовите на комисии;
- Изготвен е квантитативен извештај за стручен испит за пролетна и есенската испитна сесија;
- Контактирано е преку дописи, по телефон и лично со физички лица и надлежни институции во врска со стручниот испит.

## 5.4. ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Организацијата и спроведувањето на државното тестирање во основното образование е надлежност на Државниот испитен центар, уредена со Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19). Според член 133, став 1 од Законот, „Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од страна на Државниот испитен центар.". Согласно Законот, во 2020 година Државниот испитен центар на министерот за образование и наука му предложи „*Концепција за државно тестирање во основното образвание*" и истата беше донесена од министерот со Решение бр. 18-5737/1 од 12.06.2020 година.

Во 2021 година преземени се значајни активности кои се основа за понатамошното квалитетно организирање и спроведување на државното тестирање. Согласно Концепцијата, во 2021 година започна спроведувањето на Државното тестирање со организација на првото преттестирање на учениците од трето одделение.

Главни цели на Државното тестирање во 2021 година беа:

1. Изработка на квалитетни испитни материјали за преттестирањето во 2021 година и за главното тестирање во трето одделение во 2022 година.
2. Организација и спроведување на преттестирање во трето одделение.
3. Транспарентно и сеопфатно информирање на пошироката јавност за целите и очекуваните резултати од државното тестирање.
4. Креирање план за развој на човечки и технички капацитетите на Државниот испитен центар за спроведување на Државното тестирање.

**Резултати:**

- Изработени рамки за оценување за наставните предмети македонски јазик, албански јазик и математика;
- Изработени стандардизирани задачи и упатства за оценување за предметите: математика, македонски јазик и албански јазик за трето одделение;
- Подготвени прашалници за ученици, наставници и директори на училишта;
- Уредени, лекторирани и испечатени околу 4000 тестови и 2000 прашалници за наставници, прашалници за училиштата и учениците;
- Прибрани податоци и избран примерок на училишта и ученици за преттестирањето;
- Изработени упатства за координатори и тестатори;
- Избрани училишни координатори и одржани средби и обуки на училишните координатори и директорите на училиштата опфатени со примерокот за преттестирање;

- Избрани оценувачи, реализирана обука за оценувачи и оценети околу 4000 тестови;
- Креирани шаблони за скенирање на резултатите од трите предмети од преттестирањето и прилагоден софтвер за внес на податоците и обработка на резултатите;
- Скенирани околу 3000 листи од оценувач и внесени податоците од околу 2000 прашалници од преттестирањето;
- Обработени резултати од преттестирањето;
- Изготвен Технички извештај од преттестирањето за интерна употреба со цел подобрување на процедурите и квалитетот на испитните задачи;
- Комуникација со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование".

## 5.5. МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС)

Државниот испитен центар во 2021 година ги реализираше меѓународните студии:

- TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study);
- PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study);
- PISA (Programe for International Studen Assessment).

• ПИСА

PISA (Programe for International Studen Assessment) е најголема светска меѓународна студија во образованието која ги мери способностите и знаењата на учениците на крајот на задолжителното образование, односно се мери подготвеноста на учениците за живот на возраст од 15 години во три подрачја:

- оспособеност за читање со разбирање – и критички пристап во читањето на пишани материјали;
- математичка писменост – читање, интерпретирање и решавање на даден проблем со организирање и толкување на дадени информации и избирање на метод за решавање;
- писменост во природните науки – препознавање на научни прашања, користење на научни знаења, идентификување на содржината во научните истражувања и поврзување на научните податоци со докази и заклучоци.

Во 2021 година Центарот работеше на подготовка и го реализираше пробното тестирање ПИСА 2022 за прв пат електронски.

**Резултати:**

- Верификуван електронски материјал за спроведување на ПИСА2022 пробното тестирање (конечни тестови и прашалници) на македонски и на албански јазик;
- Избран примерок на ученици опфатени со пробното тестирање;
- Преведени и верификувани формулари и упатства за спроведување на пробното тестирање на македонски и на албански јазик;

- Обучени претставници од училиштата опфатени со пробното тестирање за процедури за спроведување на студијата;
- Обучени администратори на компјутерската опрема за електронска реализација на студијата;
- Подготвен софтвер за пробно тестирање, УСБ и лаптопи со софтвер за пробно тестирање;
- Подготвен на план за пробно тестирање;
- Подготвен план за дистрибуција на лаптопи и УСБ за пробното тестирање;
- Реализирано пробно тестирање во сите училишта опфатени со примерокот;
- Реализирана обука на оценувачи за оценување на отворени ајтеми од тестовите на студијата;
- Оценети сите отворени ајтеми од тестовите на учениците опфатени со пробното тестирање;
- Оценети неколку илјади отворени ајтеми на англиски јазик, доставени од ОЕЦД до сите земји-учеснички, како дел од меѓународното мерење на релијабилноста на оценувачите;
- Прочистени податоци и испратени бази со податоци во ОЕЦД од пробното тестирање;
- Изготвен и објавен Извештај од пробно ПИСА 2022 тестирање;
- Контуирана комуникација со ОЕЦД во врска со спроведување на студијата.

• TIMSS 2019 и TIMSS 2023

TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study е меѓународната студија по математика и природна група предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и природната група предмети кај нас во во четврто одделение. Преку прашалниците за ученици, наставници и директори се добиваат резултати за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците.

Математичките, како и знаењата и способностите по физика, хемија, биологија и географија, се клучни за интелектуалниот растеж на секој поединец, како претпоставка за понатамошно успешно образование и професионален напредок. Затоа и целта на учеството на нашата држава во оваа студија е креаторите на образовнатата политика и истражувачите во полето на образованието да знаат колкаво е нивото на математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците на крајот од четвртото одделение и кои фактори влијаат на тие постигања.

Мерењето на постигањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна.

**Резултати:**

- Анализа на податоците од главното ТИМСС 2019 тестирање;
- Објавен Национален извештај од ТИМСС2019;
- Реализирана средба со советниците од БРО за резултатите од ТИМСС2019;
- Подготвен и објавен регионален извештај од резултатите од ТИМСС 2019;
- Прибрани податоци и избран примерок на училишта за пробно ТИМСС 2023 тестирање;
- Континуирана ломуникација со ИЕА во врска со спроведување на студијата.

• PIRLS 2021

PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study) е меѓународна студија за мерење на постигањата на учениците во читање со разбирање, односно оспособеноста за читање на 9-10

годишна возраст. Оспособеноста за читање со разбирање кај секое дете обезбедува основа за нивно понатамошно учење и развој, како и вклучување во непосредната околина и пошироко во општеството. Целите на учество во оваа студија е да се добијат валидни податоци поврзани со читањето: процесот на разбирање, целите заради кои учениците читаат и навиките и ставовите за читањето.

**Резултати:**

- Прибирани податоци од училиштата и избран примерок на ученици опфатени со главното тестирање;
- Верификувани материјали (тестови, прашалници, упатства и формулари) за главното тестирање;
- Реализирани информативни средби со советниците од БРО;
- Реализирани обуки за лицата задолжени за спроведување на тестирањето во училиштата (училишни координатори и директори);
- Испечатен, спакуван и дистрибуиран материјал за главно тестирање;
- Спроведено главно тестирање во 150 основни училишта опфатени со примерокот;
- Спроведен домашен и меѓународен мониторинг на главното тестирање;
- Оценети околу 3000 тестови на македонски јазик и на албански јазик;
- Оценети неколку илјади ајтеми на англиски јазик, доставени од ИЕА до сите земји-учеснички, како дел од меѓународното мерење на релијабилноста на оценувачите;
- Внесени, прочистени и верификувани податоци од инструментите од главното ПИРЛС 2021 тестирање;
- Електонска комуникација и неколку онлајн средби со претставници на ИЕА во врска со спроведување на студијата, односно: за прочистување на податоците за главниот меѓународен извештај, почетни подготовки на текстовите што ќе бидат поместени во главниот меѓународен извештај за ПИРЛС 2021 (предвиден да биде објавен во втората половина на 2023 година) и почетни подготовки на специфични текстови што ќе бидат поместени во посебен извештај (предвиден да биде објавен во втората половина на 2023 година) за земјите-учеснички во ПИРЛС 2021 година од балканскиот регион.

## 5.6. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Согласно Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2021 година, Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи работеше на изготвување поединечни и општи нормативно-правни акти (одлуки, решенија и наредби) за: плата, престанок на работен однос, службено отсуство, годишен одмор, платено и неплатено отсуство од работа и државните празници, формирање комисии, работни групи, договори и други документи. Исто така учествуваше во изготвувањето на законски и подзаконски акти, внес на сите неопходни податоци кои се однесуваат на услугите кои ги обезбедува ДИЦ за граѓаните на РСМ во Каталогот на услуги, обуки и оценувања на вработените, а вршеше и административни и општи работи за потребите на Центарот.

**Резултати:**

- Изготвени беа следните подзаконски акти:
    - Измена и дополнување на Законот за Државниот испитен центар;
    - Предлог корекции во Законот за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;
    - Правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар;
    - Измена и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач Државен испитен центар;
    - Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Државниот испитен центар;
    - Правилник за постапката за користење на средствата за угостителски услуги на територија на РСМ на директорот на Државниот испитен центар;
    - Правилник за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација во Државниот испитен центар;
    - Годишна програма за заштита од корупцијата на ДИЦ за 2021 година;
    - Измена и дополнување на Законот за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, како и давање коментари за усогласување на наведениот закон со Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски докумнети, електронска идентификација и доверливи услуги.
- Спроведени конкурси, донесени одлуки, решенија и договори за ангажирање надворешни соработници;
- Изготвени договори за ангажирање лица за вршење повремени работи во ДИЦ;
- Изготвени и доставени Прегледи на извршени службени патувања во странство до Владата на РСМ, дописи и одговори на писмена добиени од страна на други институции;
- Изготвени договори кои произлегуваат од јавните набавки;
- Координација, поставување и архивирање на материјали во системот Е-Влада;

- Изготвени одлуки кои произлегуваат од работата на Управниот одбор на Државниот испитен центар;
- Спроведено полугодишно интервју за административните службеници;
- Спроведено оценување на административните службеници;
- Изготвен и доставен Извештај со ранг листи на годишните оценки на административните службеници;
- Изготвени решенија за надоместок за успешно работење;
- Изготвен и доставен План за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар за 2022 година;
- Изготвен и доствен План за генерички и специјализирани обуки за 2022 година;
- Изготвен и доставен Извештај за реализација на Планот за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар за 2021 година;
- Изготвен и доставен Извештај за реализација на Планот за генерички и специјализирани обуки за 2021 година;
- Изготвен План за користење на годишниот одмор на вработените во ДИЦ за 2021 година;
- Континуирано внесување на измените во податоците за вработените во информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР);
- Изготвени и доставени до Државниот архив на РСМ План на архивски знаци за распоредување на актите за 2022 година, Листа на архивски материјал за 2022 година на Државниот испитен центар, Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2022 година, со одлука за однесување на истите;
- Доставени образложенија, материјали, табели, податоци и известувања за преземени мерки на:
    - Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата-Министерство за финансии,
    - Единица за економски и компјутерски криминал, Биро за јавна безбедност СВР-Скопје-Министерство за внатрешни работи и
    - Ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија.

## 5.7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Во одделението за финансиски прашања задачите што се планирани со Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2021 година се спроведуваа согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за извршување на буџетот, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за јавните набавки, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и други подзаконски акти од областа на финансиско-материјално работење.

**Резултати:**

- Спроведени вкупно 17 (седумнасет) јавни набавки од кои:

9 (девет) јавни набавки за стоки:

- ✓ Јавна набавка на гориво за службени возила;
- ✓ Јавна набавка на канцеларсики материјали;
- ✓ Јавна набавка на тонери и кетрици;
- ✓ Јавна набавка на бои и иглици за печатење на тестови;
- ✓ Јавна набавка на машина за печатење;
- ✓ Јавна набавка на компјутерска опрема и копир;
- ✓ Јавна набавка за средства за хигиена;
- ✓ Јавна набавка на лиценци;
- ✓ Јавна набавка на опрема за ладење и греење;

8 (осум) јавни набавки за услуги:

- ✓ Јавна набавка на поправка и тековно одржување на машини, фотокопирир и принтери;
- ✓ Јавна набавка на услуга за дистрибуција на испитен материјал за државна матура;
- ✓ Јавна набавка на одржување на хигиената во просториte на ДИЦ;
- ✓ Јавна набавка за софтвер за државна матура;
- ✓ Јавна набавка на поправка и тековно одржување на компјутери и сервери и апликација за државна матура;
- ✓ Јавна набавка на на услуга за печатење на документи;
- ✓ Јавна набавка на услуга за сместување и угостителски услуги за оценувачи на тестови за државна матура;
- ✓ Јавна набавка на сим картички за службените мобилни телефони;

10 (десет) јавни набавки до 1000 евра, од мала вредност:

- ✓ Јавна набавка на софтвер за сметководство, благајна, магацинско работење и и пресметка на плата;
- ✓ Јавна набавка на заштитни маски, ракавици и средства за раце;
- ✓ Јавна набавка на бели пецива и лиснатни;
- ✓ Јавна набавка на репрезентативен канцелариски материјал;
- ✓ Јавна набавка на услуга за изработка на завршна сметка на ДИЦ за 2021;
- ✓ Јавна набавка на услуга за поправка на електричната исталација, демонтажа и монтажа на лед панели;
- ✓ Јавна набавка на осигурување на имот;
- ✓ Јавна набавка на лед панели, електричен кабел и шуко прекинувачи;
- ✓ Јавна набавка на демонтажа на постечки завеси и спремување на место за монтажа;
- ✓ Јавна набавка на Зебра завеси;

- Изготвени измени и дополнувања на планот за јавни набавки за 2021 година;
- Исплатени фактури за комунални услуги;
- Исплатени фактури по основ на јавни набавки;
- Исплатени фактури за надоместок на претседателот и членовите на Управен одбор;
- Исплатени надоместоци за членовите на Државен матурски одбор;
- Исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на државната матура и меѓународното тестирањеПИСА 2022 и ПИРЛС 2021;

- Исплатени членовите на Комисијата за полагање на испит за директор;
- Исплатени членовите на Комисијата за полагање стручен испит на наставници и стручни соработници;
- Исплатени хонорари за лицата ангажирани како обучувачи;
- Направено е контирање и книжење на целокупната финансиска документација;
- Континуирано водена синтетичка и аналитичка евиденција;
- Подигната готовина и извршена е исплата на готовина;
- Изработени касови извештаи;
- Реализиран поврат на средства по основ на уплатени средства за поднесени приговори;
- Направени пресметки на плата и изготвување на потврди за висината на личниот доход на вработените;
- Подготвена пресметка и документација за боледување;
- Изготвени статистички извештаи за вработени и плати (Образец Труд - 1);
- Направено книговодствено усогласување на извршените пописи;
- Направена пресметка на амортизација и ревалоризација;
- Изготвен годишен извештај за бруто остварени приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето плата и
- Изготвени финансиски извештаи и бруто биланс за изготвување на годишна завршна сметка.

## 5.8. ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ

За реализација на активностите предвидени во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2021 година, сите организациони единици учествуваа во обезбедување поддршка за остварување на истите, преку објавување на информации на веб-локацијата, управување со библиотечниот фонд, обезбедување на техничка опрема и софтверски решенија, уредување и печатење документи, обезбедување на просториите и опремата на Центарот и слично.

**Резултати:**

- Континуирано се објавија информации и документи на веб-локацијата на Центарот согласно потребите на Центарот;
- Континуирано објавување на извештаите од самоевалуација од основните и средните училишта на веб-локацијата на Центарот;
- Континуирано објавување на извештаите од интегрална евалуација од основните и средните училишта на веб-локацијата на Центарот;
- Континуирано објавување информации и документи на веб-локацијата за државната матура;
- Креирање на нов модул на веб-локацијата на Центарот за објавување на резултати од самоевалуација и од интегрална евалуација на училиштата;
- Набавена и инсталирана соодветна техничка опрема и соодветни софтверски решенија со цел подобрување на техничките капацитети на Центарот;
- Извршено одржување на компјутерската и мрежната инфраструктура;
- Технички уредени и испечатени сите тековни службени документи на Центарот;

- Континуирано примање и заведување на административни пратки, одлуки, информации, решенија, договори и други акти во деловодникот, како и класирање на поштенски пратки за експедиција.
- Континуирано беа обезбедени просториите и опремата на Центарот.

## 6. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на 2021 година Државниот испитен центар бележи и активности во врска со учество на конференции, семинари и други настани и тоа:

- учество во работна група за имплементација на активностите од ИПА;
- учество на состаноци на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика;
- учество на состаноци и обуки за Програмата Училиште на 21 век, организирани од страна на Британски совет;
- учество на состаноци во рамките на Работната група за подготовка на „Проектот за унапредување на основното образование", предложен од Владата на РСМ и поддржан од Светска банка;
- учество на обука за Подобрување на квалитетот на податоците и зајакнување на креирањето на политиките;
- учество во Консултативно-работната група за „Проектот за подобрување на социјалните услуги" на МТСП и Светска банка;
- учество во Комисијата на МОН за акредитација на здруженијата на наставници кои организираат натпревари за учениците од основните училишта;
- учество во Управувачкиот одбор и Надзорниот одбор на Проектот „Зголемување на активноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образование на возрасни" на МОН;
- учество на серија онлајн состаноци за имплементација на меѓународната студија ПИРЛС 2021, во организација на ИЕА;
- учество на серија онлајн состаноци за земјите од Западен Балкан за анализа и подготовка на посебен Извештај од резултатите од ПИРЛС 2021 за земјите Западен Балкан, во организација на IEA;
- учество на серија онлајн работни состаноци за земјите од Западен Балкан за анализа и подготовка на Извештај од резултатите од ТИМСС2019 за земјите Западен Балкан, во организација на IEA;
- учество на серија онлајн семинари за имплементација на меѓународната студија ТИМСС 2023 во организација на ИЕА;
- учество на серија онлајн семинари за имплементација на меѓународната студија PISA 2022 во организација на ОЕЦД;

- учество на серија онлајн обуки за оценување на ајтемите од пробното тестирање за меѓународната студија PISA 2022, во организација на ОЕЦД.

## 7. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ

Управниот одбор работеше континуирано во рамките на своите законски надлежности и согласно потребите на институцијата. Во овој период беа одржани вкупно ***12 седници***, а притоа беа донесени одлуки и подзаконски акти чие значење е суштествено за нормално функционирање на Центарот.

## 8. СОРАБОТКА

Државниот испитен центар континуирано соработуваше со бројни меѓународни и домашни институции:

- Соработка со ИЕА (International Association for the Evaluation of Educational Achievement), ОЕЦД (Organisation for Economic Co-operation and Development), Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, УСАИД, МЦГО, Фондацијата Чекор по чекор, Светска банка и центрите во државите во регионот кои се занимаваат со дејности сродни со дејностите на ДИЦ.
- Соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Бирото за развој на образование, Државниот просветен инспекторат, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, сите средни и основни училишта, како и високо-образовни и сродни установи и институции во и надвор од државата и др.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДИРЕКТОР

_______________________
*м-р Елизабета Наумовска*

## ПРИЛОГ: ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2021 ГОДИНА